ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
# УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДРЖАВНА
# КАРДИОХИРУРГИЈА - СКОПЈЕ
# СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА
# ЗАШТИТА, СОПСТВЕНО УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА
# ВО ЦЕНАТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА УСЛУГА И ДРУГИ
# СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ (531)

01 2021 06 03/2

**Скопје, јануари 2022 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 11 |
| Финансиски извештаи за 2019 и 2020 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 12 |
| Биланс на состојба | 13 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 14 |
| - Сметководствени политики | 14 - 15 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 16 - 18 |

**Кратенки користени во извештајот:**

**Клиника** -  ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија

**Фондот** - Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

**ЈЗУ** - Јавни здравствени установи

**Јавна установа** – Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники и Ургентен центар Скопје

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број: 25-66/2**
**Дата: 20.01.2022**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје на сметката за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи за 2020 година.

Ревизијата се воздржа од давање мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и изрази мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2020 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Клиниката за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Клиниката за 2020 година, ревизијата утврди дека:

- пописот на побарувањата не е извршен во целост односно не е утврдена старосната структура, ниту се преземени активности за постапување и наплата на побарувањата;
- поради недоследности и недоволна контрола при набавките на стоки и услуги од Јавната установа, не може да се потврди реалноста на исплатените средства;
- утврдени се недоследности при исплатата на надоместоци за странските едукатори согласно Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести во 2020 година.

За надминување на утврдените состојби до одговорните лица на Клиниката ревизијата даде препораки за преземање соодветни мерки и активности.

Во делот **Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**, ревизијата обелоденува за начинот на кој се реализира Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести.

Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 17-172/8 од 13.12.2021 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 12 и 13 заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје на сметката за сопствени приходи, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај, за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Клиниката застапувано од:

- Проф. д-р Сашко Јовев, медицински директор од 15.10.2019 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.
Заради прашањата опишани во точката 3.2- Финансиски извештаи**,** ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за изразување мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува

законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој Извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 22.10.2021 година.

Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 17-172/8 од 13.12.2021 година.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1 Позицијата побарувања во Билансот на состојба изнесува 1.682 илјади денари, од кои 40% се по основ на издадени фактури кон Министерството за здравство согласно програмите за здравствена заштита за пресметана партиципација за пензионери и крводарители и за превенција на кардиоваскуларни болести. Останатите 60% се по основ на извршени здравствени услуги на други ЈЗУ и на домашни и странски физички лица.
Со извршениот увид во сметководствената евиденција и добиените информации од одговорните лица, ревизијата констатира дека за побарувањата по основ на извршени здравствени услуги на физички лица во износ од 584 илјади денари не се преземени активности за наплата на истите, што не е во согласност со член 37-б од Законот за буџетите. Имајќи предвид дека најголем дел од овие побарувања потекнуваат од минати години, постои неизвесност за наплата на истите.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе активности за изготвување на детална анализа на старосната структура на побарувањата кои потекнуваат од минати години и да се

даде предлог на Управниот одбор на Клиниката за начинот на постапување и наплата на побарувањата.

## 3.2. Финансиски извештаи

3.2.1. Со извршената ревизија на начинот на нарачка, прием и евидентирање на набавените стоки и услуги од Јавната установа врз основа на склучените договори ги констатиравме истите состојби кои се наведени во точката 3.3.2. од извештајот на овластениот државен ревизор за сметката за средства од Фондот. Од вкупно платените средства кон Јавната установа во 2020 година од двете сметки, 2.239 илјади денари се платени од оваа сметка.

За утврдената состојба дадени се препораки во Извештајот на овластениот државен ревизор за сметката за средства од Фондот, поради што во овој Извештај истите се изоставени.

3.2.2. За реализација на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести, за која известуваме во точка 5.1. од овој Извештај, Клиниката склучува договори за дело со странски едукатори во кои се уредуваат меѓусебните права и обврски.

Со извршената ревизија на начинот на исплата на надоместоците за едукација, презентираната документација и добиените информации, го констатиравме следното:

- со странските едукатори склучени се договори за дело во кои е утврден месечен надомест за периодот на ангажирање. Иако во склучените договори е уредено дека надоместокот ќе се утврди со решение за исплата согласно денови на престој на извршителот, а исплатата ќе се врши по добиени средства од Министерството за здравство, истото не е извршено на овој начин. Имено, не се изготвуваат решенија, туку исплатата се врши преку авторска агенција. За секоја поединечна исплата се склучуваат трипартитни авторски договори помеѓу странските едукатори, авторската агенција и Јавната установа[1], а плаќањето го иницира Клиниката со доставување месечно барање до Јавната установа. Ваквото постапување генерира дополнителни расходи на Клиниката по основ на провизија за услугата на Јавната установа и авторската агенција;
- постојат разлики помеѓу вкупните износи на фактурите од Клиниката кон Министерството, фактурите од Јавната установа кон Клиниката и исплатените надоместоци од авторската агенција кон странските едукатори. Имено, во текот на 2020 година, Министерството за здравство уплатило средства на сметка на Клиниката во износ од 7.410 илјади денари, по што се доставени барања за исплата до Јавната установа. Според добиените

[1] Врз основа на годишни договори за групна набавка меѓу Клиниката и Јавната установа;

податоци од авторската агенција, на странските едукатори им се исплатени 8.083 илјади денари, при што Јавната установа во текот на 2020 година не доставила фактури по овој основ до Клиниката, што влијае на реалноста на прикажаните обврски и расходи во 2020 година и на наменското користење на средствата од Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести;
По препорака на ревизијата, на барање на Клиниката од страна на Јавната установа доставени се фактури за истиот период во вкупен износ од 6.062 илјади денари, за што е спроведено корективно книжење и за истото обелоденуваме во точка 5.2. од овој Извештај. Разликите во фактурираните и исплатените износи во висина од 2.021 илјади денари укажуваат на отсуство на контроли и координација помеѓу институциите;

- доставените фактури од Јавната установа не содржат спецификација и пресметка на поединечниот надоместок за секое лице, поради што не може да се споредат со поединечните договори. Дел од овие фактури во износ од 3.219 илјади денари се платени на Јавната установа во текот на ревизијата;
- и покрај тоа што со договорите е уредено исплатата на надоместоците да се врши согласно денови на престој на едукаторите, освен записите во оперативните протоколи, не е воспоставено соодветно следење и потврдување на присутвото на странските едукатори на Клиниката, поради што постои ризик да се врши исплата и во услови на нереализирани посети.

Воспоставениот начин на евидентирање, фактурирање и исплата на странските едукатори во известувачкиот период не е во согласност со член 12 и член 17 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници како и одредбите од самите договори и влијае на навременото и точно прикажување на обврските и расходите на Клиниката и на рационалното и наменско користење на буџетските средства.

Во 2021 година продолжува реализацијата на Програмата, при што е надмината состојбата со исплатување на странските едукатори преку Јавната установа односно исплатата Клиниката ја врши директно на нивните банкарски сметки, освен за еден доктор за кој исплатата се врши преку авторска агенција согласно склучен договор.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе активности за воспоставување начин на следење и потврдување на присуството на странските едукатори на Клиниката во функција на исплата на надоместоците согласно договорите.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точките 3.1. и 3.2. кој претставува основ за изразување мислење е:

- непреземени активности за утврдување старосна структура и наплата на побарувањата;
- неможност да се потврди реалноста на извршените набавки на стоки и услуги од Јавната установа;
- недоследности при исплатата на странските едукатори согласно Програмата за превенција од кардиоваскуларни болести.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точката 3.2. ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје на ден 31 декември 2020 година кои беа предмет на ревизија.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

Ревизијата смета дека е потребно да се нагласат одредени состојби поради значајноста и влијанието на истите врз работењето на Клиниката и во наредниот период.

5.1. Согласно член 16 од Законот за здравствената заштита почнувајќи од 2015 до 2021 година на предлог на Министерството за здравство, Владата

континуирано носи годишна Програма за превенција на кардиоваскуларни болести со која меѓу останатото се обезбедуваат и средства наменети за „образовни и договорни услуги за тимот кој ја основаше државна кардиохирургија и континуирано работи на растот и развојот на државната кардиохирургија“. По тој основ во текот на наведениот период за Клиниката се обезбедени средства во вкупен износ од 114.990 илјади денари кои во најголем дел се реализирани, прикажано по години во следниот графикон.

**Графикон бр.1** - Преглед на обезбедени средства за Клиниката за развој на државната кардиохирургија со Програмите за превенција на кардиоваскуларни болести за период 2015-2021 година

во 000 денари




Со Програмата за 2020 година за Клиниката обезбедени се средства во износ од 9.000 илјади денари за трошоци поврзани со ангажирање на странски доктори/тимови од еминентни медицински центри од странство и тоа: трошоци за пат, сместување и надоместок за извршената едукација. Предвидено е Министерството за здравство месечно да ги распределува средствата на Клиниката врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација.

Со оглед на тоа што со Програмата не се утврдени критериуми за избор на лицата едукатори и висината на надоместокот за различните профили на медицински персонал, како и начинот на вршење на едукација, Клиниката во договорите на различен начин го уредува истото. Имено, според презентираните извештаи за работата и активностите на странските едукатори, во 2020 година ангажирани се 8

едукатори[2] од здравствени институции во Србија[3] за кои исплатата се врши согласно денови на престој во висина од 1.300 до 4.500 евра месечно и еден кардиохирург од Германија, за кој се исплатува месечен паушал од 4.500 евра за извршени консултации преку електронски средства и неколку посети во текот на годината.

Обрнуваме внимание дека во услови на недобиена согласност за вработување на медицински персонал, неопходен за изведување на хируршките процедури, покрај едукативната компонента на ангажманот на странските едукатори, дел од истите се ангажирани за извршување редовни работни активности и задачи, а при тоа месечниот надоместок за истите е неколкукратно повисок од платата што е предвидена за тие работни места согласно актот за систематизација, со што се доведува во прашање исполнувањето на целта на програмата. Особено што согласно Програмата и склучените договори, за сместување на три лица Клиниката во 2020 година има изнајмено три стана во Скопје, за кои се исплатува 1.500 евра месечен наем.

Неоспорувајќи ги придобивките од реализацијата на оваа програма во минатиот период во насока на обучување на докторите и персоналот на Клиниката за вршење сложени и специфични хируршки процедури[4] и воедно заштеда на средства за лекување на пациентите кои претходно се испраќаа во странство, а имајќи го предвид видот и обемот на извршените услуги на Клиниката во 2020 и 2021 година со целосно сопствен персонал од една страна и висината на буџетски средства кои се издвојуваат за реализација на програмата од друга страна, ревизијата смета за потребно Министерството за здравство да ја преиспита потребата од понатамошно продолжување на програмата и во наредни години во истиот обем и начин како и претходно. Дотолку повеќе што со Програмата за трансплантација се обезбедуваат средства за награди на докторите и персоналот кои учествувале во изведувањето на трансплантацијата од 100 до 200 евра по интервенција и се значително помали од износите кои согласно Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести се исплатуваат на медицинскиот персонал од странство.

[2] 5 доктори, 1 анестетичар, 1 медицинска сестра и 1 медицинска сестра инструментарка
[3] Клинички Центар Србија, Институт за кардиоваскуларни болести Дедиње и УК за кардиохирургија од Ниш;
[4] Имплантирање на апарати за механичка срцева поддршка, програми за срцева трансплантација и хибридни процедури на хирургија на лакот на аортата и торакалната аорта.

5.2. Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2020 година поради ненавремено доставени и евидентирани фактури од Јавната установа за извршени услуги од авторски агенции и неевидентирано плаќање од Министерството за здравство по основ на програмата за превенција на кардиоваскуларни болести, за што се изготвени налози за книжење број 1-531-14 со дата 21.10.2021 година, број 2-531-32 од 15.11.2021 година и број 2-531-33 од 15.11.2021 година. Нето ефект на корекциите е зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 3.609 илјади денари. Направени се следните корекции:

- позицијата Активни временски разграничувања се зголеми за 6.062 илјади денари;
- позицијата Обврски спрема добавувачите во земјата се зголеми за 6.062 илјади денари;
- позицијата Побарувања од буџетот се намали за 2.453 илјади денари;
- позицијата Пасивни временски разграничувања се намали за 2.453 илјади денари.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образло жение** | **2020** | **2019** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 1.736 | 2.387 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 7.773 | 17.591 |
| **Вкупно приходи** | | **9.509** | **19.978** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.3. | | |
| Стоки и услуги | 3.3.1. | 9.485 | 19.931 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **9.485** | **19.931** |
| **Вкупно расходи** | | **9.485** | **19.931** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **24** | **47** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 24 | 47 |
| Побарувања | 4.1.2. | 1.682 | 1.467 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.3. | 228 | 105 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 6.192 | 23 |
| **Вкупно тековни средства** | | **8.126** | **1.642** |
| **Вкупна актива** | | **8.126** | **1.642** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.2. | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 6.102 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.2.2. | 228 | 105 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.2.3. | 89 | 23 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.4. | 1.707 | 1.514 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **8.126** | **1.642** |
| **Вкупна пасива** | | **8.126** | **1.642** |